**ОПШТИНА ШТИП**

МQS СЕРТИФИКАТ ISO 9001:2008

*Република Северна Македонија*
*Општина Штип*
*БР.18-118/8*
*17. 05.2023 год.*

Врз основа на член 29 и член 50 од Законот за урбанистичко планирање (Сл.Весник на РСМ бр.32/20), член 50 точка 4 од Законот за локална самоуправа ("Сл.весник на РМ" бр.5/02), член 36 од Статутот на Општина ШТИП, и донесената Програма за измена и дополнување на програмата за финансирање на урбанистички планови за 2023 Штип со Одлука бр. 08-1080/1 од 08.02.2023 година, од Советот на Општина Штип, Градоначалникот на Општина Штип го дава следното:

**С О О П Ш Т Е Н И Е**

**За организирање на Повторна јавна презентација и јавна анкета по изготвена измена и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип**

Границите на опфатот се движат по:

- Од север опфатот е дефиниран по осовина на ул." Глигор Прличев";
- Од исток опфатот е дефиниран по осовина на ул. " Сутјеска " ;
- Од југ опфатот е дефиниран по осовина на ул. " Митко Соколовски ";
- Од запад опфатот е дефиниран по осовина на пешачка патека;

Опфатот е со површина од 4556,66 м².

Јавната анкета и јавната презентација за изменување и дополнување на детален урбанистички план за дел од УЕ 27,дел од населба "Автокоманда" , Општина Штип ќе се спроведе со излагање на Предлог планот во информацискиот систем на е- урбанизам, печатени плакати и соопштенија во и околу планскиот опфат и на информациската табла на Општина Штип.

**Јавната анкета ќе трае 10 работни дена од денот на објавувањето на Соопштението и тоа од 05 Јуни 2023 до 16 Јуни 2023 год, а јавната презентација со стручно презентирање на планот ќе се одржи на ден 09 Јуни 2023 година во 11:00 часот во просториите на Сала 2 на општина Штип**

**Во споменатиот рок, можат да се доставуваат писмени забелешки, предлози и мислења на анкетните листови во писмена и електронска форма.**

*Изработил: Драгана Штерјова, диа*

*Одобрил: Лазар Хаџи-Николов*

*Градоначалник на*
*Општина Штип*
*Иван Јорданов*

*Општина Штип ул. „Васил Главинов" бр. 4Б, 2000 Штип, Република С. Македонија*
*Одделение за урбанизам,градежништво,станбени работи и заштита на животна средина*
*Веб страна: www.stip.gov.mk е-пошта:gradoncalnik@stip.gov.mk*